**Празникот “Св. Трифун“ се празнува на 14 февруари, а за Неготино овој датум има посебно значење. Според народното толкување, Св.Трифун е познат како покровител на меанџискиот еснаф и заштитник на лозјата и винарите. Во Тиквешијата и Повардарието кои се познати по лозовите насади, виното и ракијата, во чест на овој ден се изведува обредно закројување на виновата лоза. На тој начин се верува дека лозјата ќе бидат заштитени од разни штети, болести и несреќи.**



**Последниве години, манифестацијата “Св.Трифун“ добива се поголем публицитет, афирмација и прерасна во културна и стопанско - туристичка манифестација под наслов “Не
дела на Виното
”
. За време на оваа манифестација,
општина Неготино во соработка со Здружението на лозари
„
Витис“ од Неготино и други стопански субјекти од општината, организира дегустација на вина од познатите винарии и приватните производители,**

**стручни предавања, промоции, изложби и други стопански и културни настани.**



**Централната прослава се одржува на Градскиот Плоштад, каде што се изложбените и дегустационите штандови за наменети за посетителите. Целата манифестација е проследена со богата културно-уметничка програма.**

